Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-464/3
17-07-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-464/1 од 18.06.2024 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted], за извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјалната заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на Јавното Сообраќајно Претпријатие Скопје - Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-464/1 од 18.06.2024 година, поднесена од [redacted] **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

### Образложение

На 18.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) по електронски пат беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од [redacted], заведена под број 08-464/1, против Јавното Сообраќајно Претпријатие Скопје - Скопје, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјалната заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Во поднесената форма на електронската пошта на Комисијата, недостасува делот – Образложение на претставката, во кој треба да бидат наведени факти и околности со кои подносителката ќе стори веројатно дека е извршена дискриминација. Поради ова на 25.06.2024 година Комисијата, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по електронски пат испрати до подносителката на претставката Барање за доуредување број 08-464/2 со кое

побара подносителката да ги наведе фактите и околностите за пријавениот случај на дискриминација, како и основот на дискриминација согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Со оглед да подносителката не ја доуреди претставката како што беше побарано во законски определениот рок, а со цел соодветно постапување по истата, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Скопје
16.07.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД